Дневник
четврток, 5 ноември 2009

,4107, 17,

РЕЦЕНЗИЈА ГРАФИКИ, КЕРАМИКА И СКУЛПТУРИ ОД САЛВАДОР ДАЛИ ВО МСУ

# Психичкиот автоматизам во творештво на Дали

МАРИЈА СТОЈЧЕВСКА

Сликар, поет, дизајнер на мебел, накит, изработувач на костими за балет и за претстави, филмови, пишување, режија и друго. Тоа е уметникот што остави длабока трага во свеста на широката светска публика на 20 век, Шпанецот и по потекло Каталонец, Салвадор Дали.

Од гледиште на историјата на уметност она што е мошне важно да се напомене е дека надреалистите не се занимаваат со проблемот на реалното, туку се окупирани со навлегување во лавиринтите на потсвеста чии извори се наоѓаат во сонот како психолошка категорија, но и на концентрираното истражување на онирични димензии и мистификација на предметите во сликата, кои се производ на бујната фантазија на авторот. Аналогно на Карл Јунг (Толкување на соништата) и психоанализата на Фројд, корените на оваа уметност се конструирани низ несвесно, автоматско функционирање на мислата во отсуство на секаква рационална контрола, значи станува збор за една специфична состојба на умот за која пишувале и првите основачи на надреалистичкото списание Бретон и Супо. Меѓу другото, треба да се потенцира револуционерниот и спротивставен дух на припадниците на ова движење поттикнато од општествените услови на 20 век, во кое зеле учество и дадаистите познати како негатори на сè што е елитистичко и класично убаво во уметноста.

Во својата рана возраст Дали се запознава со француските импресионисти, поентилисти и футуристи стекнувајќи особено познавање на нивната сликарска техника, за подоцна со запишувањето на Ликовната академија во Мадрид да стане близок пријател со истакнати интелектуалци: Луис Буњуел, Федерико Гарсија Лорка, Педро Гарфијас, Еугенио Монтес и Пепин Белјо. Неговата иконографија главно се состои од реминисценции на детството и младоста како на пример: во раниот пејзаж може да се насети неговиот виолентен темперамент-екстатичен, полн со фантазија, страв и меланхолија. Составен дел од таквиот темперамент е неговата егоцентрична и нарцисоидна природа која му овозможува да ја искористи уметноста како медиум за провокативно изложување на најинтимните делови од својата личност за што вели: „Јас сум егзибиционист. Животот е навистина премногу краток за да останам незабележан".

Покрај многубројните техники во кои Дали ги реализира своите ликовно-естетски преокупации, она што е изложено кај нас е создавањето илустрации/графики (1960) на текст за книги: „Божествена комедија" од Данте Алигиери, „Дон Кихот" од Мигел де Сервантес и „Алиса во земјата на чудата" од Луис Карол. Во креирањето на овие цртежи („Имитатори", „Џиновите", „Луѓето кои се јадат едни со други", „Невидливо" и др.) се солгедува градењето на автентичен халуциноген надрелистички метод на т.н. „параноична-критичка постапка", чии темели се евидентни во психоанализата и во автоматизмот. Во фокус на внимание е сликањето предмети кои ги користи како појдовна точка за својата визионерска реалност која ја интерпретира како слика од сонот и од спомените („Раѓање на Венера", „Марсовецот Дали" и сл.). Всушност, тие препознатливи мотиви (растопен часовник, инсекти, телефон, клавир, јајце и др.) го индицираат Далиевиот фетишизам и, на ингениозен начин, создаде синџир од метаморфози кои ги преобрази во кошмарни слики. Во тој контекст експлицитноста на неговата дилириумска состојба јасно ја искажува Филип Копнес: „Идејата беше заснована на неговото знаење на теоријата на Ајнштајн дека времето е релативно..." Инспирацијата за издолжување на екстремитети од човечкото тело со извесни асоцијации на испреплетени чудовишни фигури, кои како во транс да го играат својот еротски, страстен и сексуален танц, Дали ја црпи и од другите надреалисти како што се: Џорџо де Кирико, Макс Ернст, Хуан Миро и Ив Танги.



Фантастичен свет на Дали е присутен и во скулптурите изработени во мали димензии и во керамиката, што е повторно показ за уметник кој на невозможен начин прави трансформација на субјективен свет на сонот во објективен, вознемирен свет.